# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од третото продолжени на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 10 јануари 2002 година

Седницата се одржа во салата на седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 16,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по точките од 96-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Продолжуваме по точката 13.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на добивка, со прелдог на закон.

Бидејќи поради немаше кворум неможевме да гласаме по

заклучокот за усвојување на Предлогот за донесување на закон, заколучокот повторно го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 60 пратеници гласале за, девет воздржано, а четири против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 73 пратеници, за 61 пратеник, воздржани седум, пет против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал Владата на РМ, со оглед на несоодветно доставеното образложение во законот што го нуди да ни ги понуди следниве одговори што се многу битни за одлучување по однос на законот:

Која е проценката на Владата во врска со намалувањето на приходот или приливот во Буџетот на РМ за 2002 година, доколку овој закон се донесе и врзано со тоа,

Кои се владините апроксимативни согледувања во врска со бројотна фискалните апаратури што треба да се вградат или набават со што ќе се врши регистрирање на готовинското плаќање на сите позиции каде е тоа со закон уредено во РМ?

Ова го потенцирам од причина што ние пред две недели донесовме Буџет на РМ, оптоварен со бројни дефицити. Според тој Буџет, очигледно дека државната каса нема да може да ги издржи сите трошоци што се предвидени. Со оглед дека сега Владата предлага закон со кој што се намалува приходот по однос на данок на добивка, би сакал да добиеме тоа што всушност е должност на Владата секогаш кога предлага закон што има буџетски импликации на приходната или расходната страна на Буџетот да достави и пресметка колку тоа како закон ќе ја чини РМ во Буџетот. Би сакал тоа да го слушнеме за да можеме да продожиме со одлучувањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го молам претставникот на Министерството, заменик министерот да земе збор.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Прво, би сакал пред да одговорам на прашањето што го постави пратеникот Поповски да одговорам на неговата Комисија, што ја водеше тој Комисијата заклучи да му предложи на Собранието да го разгледа и усвои предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и да го донесе законот за дополнување на Законот за данокот на добивка, без забелешки и амандмани. Тоа е прво.

Второ, би сакал да ја кажам основната цел на овој закон:

Со Законот за регистрирање на готовинските плаќања е уредено воведуваше и користеше на фискални системи на опрема за регистрирање на готовинските плаќања. Обврска за воведување и користеше на ваков систем е воспоставена за сите

даночни обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги, со цел да се обезбеди регистрирање на готивинскиот промет на мало на добра и услуги од страна на сите учесници во прометот, а со тоа и реално искажување на обврските кон државата, односно реално оданочување на вистинскиот промет.

Имајќи ги предвид вкупните состојби во државата, а со оглед на тоа дека воведувањето на фискалните апарати бара ангажирање на значи-телни средства од страна на даночните обврзници се предлага, односно Владата реши да донесе даночно олеснување што го предлагаме. А, предлогот е да се намали пресметаниот данок за 40%, но најмногу до 25 илјади денари на годишно ниво.

Тоа би било на кратко образложениeто сега за сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. потпретседателе, не сум јас незадоволен, туку Г. заменик министер одговара на прашања што не се поставени, а прашањата што се поставени не ги одговара. Мислам дека тоа всушност почна да станува навика и очигледно дека идолот на Г. заменик е неговиот министер Груевски, кој се однесува исто во Парламентот.

По тој повод би сакал да го кажам следново, Г. заменик

Извештајот на Комисијата за финансии и буџет е Извештај на Комисијата, а не Извештај на мене лично.

Во таа Комисија , како и во вашата Влада како и во овој Парламент се одлучува со мнозинство гласови. Ако е тоа мој личен извештај, немаше да биде таков.

Второ, ако сакате да дебатирате со ставовите на Комисијата ќе треба да се појавите на Комисијата како Министерство некогаш, а не да го избегнувате присуството таму и да ги праќате само своите стручни соработници.

Трето, тоа што го вие поставувате во врска со работата на Комисијата е исто како јас сега да ве прашам јас сега лично, како што вие ме прашавте мене лично како тоа вие ги браните законите и буџетите на РМ од Министерството за финансии како човек кој на таа функција се наоѓа од ВМРО-Вистинска, кога во исто време вашата пратеничка група е најлудиот противник на Буџетот и со 10 дискусии дискутираше дека Буџетот на РМ е најнедобрата работа во овој момент.

При тоа јас тоа не ве прашувам Вас, затоа што тоа не е ваша работа, зашто вие се разликувате од вашата партија или таа од вас. Јас ве прашувам следново, вие сте должни како Влада на РМ до Парламентов да доставите пресметка кога вршите даночно ослободување колку тоа ќе се одрази на Буџетот. Јас не барам одговор од вас, го добив, ви благодарам, претпоставувам дека Владата нема и Министерството за финансш направено пресметка. Инаку, кога би имало пресметка нема да се доведуваме во ситуација да се прашуваме меѓусебно, туку како секој нормален Парламент, секој од нас пратнеиците ќе може да има закон во кој има обврска, има определби за ослободување од плаќање на данок по основ на данок на добивка што не е 40% и 25 илјади, туку е 50% и 30 илјади според амандманот што ги имате поднесено од Министерството за финансии на денешниов ден, тој е ваш амандман. Се разбира дека, до колку немате пресметка, јас сега можам да претпоставам дека буџетските импликации по овој Закон можат да бидат 1 милион денари, можат 10 милиони денари, можат да бидат 100 милиони денари . Тоа се само во доменот на претпоставиките.

Со оглед дека и вие немате одговор и не го ни барам, можам да претпоставам каква буџетска политика водите со вакво определување на даночните приходи и разходи во буџетот. Односно, видете ги стенограмите на Комисијата на која што сега се повикувате, таму ќе ѓо бидите мојот 15-то минутен говор што мислам за овој закон и за корупциските намери на амандманите што сега сте ги понудиле. Тоа ќе го видите во стенограмот, немам намера да го повторувам.

Инаку тврдам дека во овој закон се кријат корупциски намери на Владата, како впрочем и стотина закони што ги понуди, како впрочем и во 100-тина гласања што поминуваат на овој Парламент што се корупциски. Односно, ако некој пратнеик гласа за друг тоа е корумпирање на бирачкото право на граѓаните на РМ.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот,

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 1 во новиот член 36-б став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, во новиот член 36-б, став 1 и 2, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сега Министерството за финансии прифати амандман каде изно-сот на ослободување од 40 го зголемува на 50%, или 10 процентни поени, односно во однос на претходното зголемување 25% го зголеми, со амандман, даночното олеснување.

Се плашам и да прашам, а камо ли да добијам одговор, какви ќе бидат буџетските импликации по вакви амандмани кои адхок се прифаќаат на седницата, поднесени пред два часа од страна на еден пратеник и прифатени од Министерството без консултации со Владата, ад хок. Само можам да замислам какви буџетски импликации има ваквиот однос на Министерството за финансии и на Владата на РепубликаМакедонија кон Буџетот во целина. После ќе се чудиме зошто буџетските приходни и расходни ставки се такви какви што се.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

За збор се јави пратеникот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сакам да се изјаснам како ќе гласам.

Останува впечатокот, после реакциите на колегата Поповски дека сега на брзина ќе донесеме нешто што ќе биде лошо за Република Македонија, односно за Буџетот. Затоа се јавив, да објаснам како ќе гласам.

Фискалните каси се воведени најпрвин во некои јужноевропски држави, а потоа во цела Европа. Можеби ние сме една од последните земји. Дури во Црна Гора се воведени пред една или две години, за да се спречи евазијата на даночните обврски, најмногу по однос на платниот промет, кога сопствениците на продавници и воопшто трговците не го пријавуваат реално остварениот промет и ја подкраднуваат државата. Тоа го измислиле во Италија, најпрво таму а потоа како добра идеја се ширело во сите земји од Европа и конечно, еве, доаѓа и во Република Македонија.

Огромен е бројот на примери во нашата држава, на фирми, продавници, кафеани и тн. кои годишно пријавуваат по 500 марки профит на крајот на годината. Тоа го напоменувам токму за да ги разбијам сомнежите дека сега на брзина ние нешто ќе донесеме, кое ќе биде лошо за данокот и воопшто за државата. Напротив гласаме, со евентуално изјаснување на пратениците, практично ќе придонесеме да се регулира една работа која 10 години или можеби 60 години во Република Македонија не е регулирана. Конечно сега се обидуваме да ја регулираме. Скапа е таа апаратура. Поради тоа што е скапа Министерството, знаејќи дека тоа веднаш би претставувало товар за сите сопственици на продавничиња или големи продавници, нуди можност, колку што е цената да им рефундира од парите односно 50% поефтино да ги чини таа апаратура. Значи не треба да имаме никакви сомневања дека со ова гласање ќе направиме нешто лошо за Буџетот или за државата. Напротив ќе направиме многу добра работа затоа што се регулира една работа која другите земји ја виделе и виделе дека само на овој начин можат да го контролираат тоа. Еве и ние тоа ќе го направиме. Значи ќе гласам за.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници.

46 пратеници гласале за, 11 гласале против и 11 гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за данок на добивка.

Минуваме на 14-та точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за персонален данок на доход.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници.

55 пратеници гласале за, 4 пратеници гласале против и 14 воздржани.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници.

52 пратеници гласале за, 2 против и 13 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 1, на член 30-к, на новите ставови 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, на член 30-к, на новите ставови 2 и 3, поднесени од пратеникот Александар Пандов.

Гомолам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме. Гласале вкупно 67 пратеници.

53 пратеници гласале за, 9 воздржани и против 5. Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за персонален данок на доход.

Минуваме на 15 точка од дневниот ред Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и за забавни игри, со Предлог на закон.

На 88-та седница на Собранието е заклучен претресот по Предлогот за донесувањена законот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за игри на среќа и за забавни игри.

Молам, да гласаме.

Ги молам службите да ги избројат присутните пратеници во салата и после тоа ќе го објавам резултатот.

По извршеното поединечно пребројување, во салата присуствуваат 65 пратеници.

Според тоа констатирам дека за Предлогот на законот гласале 44 за, 6 воздржани и 4 пратеници гласале против.

Според тоа Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам, да гласаме.

Колеги гласајте за да не вршиме повторно пребројување.

Гласале вкупно 70 пратеници.

59 пратеници гласале за, 7 пратеници гласале воздржано и 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Пичитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на РепубликаМакедонија.

По доставената документација по однос на овој закон...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Бузлевски продолжете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас навистина жалам што една поголема група на пратеници излегоа од салата, бидејќи во соопштението од вашата служба што беше дадено стануваше збор дека на денешната седница ќе се расправа за реформски закони кои многу значат за продолжување на реформите во Република Македонија. Од таму јас настојувам со мојата дискусија да дадам удел во тоа што вие како Собрание го промовирате. Но, очигледно дека нема интерес. Сепак јас ќе опстојам на тоа да дадам свој удел па во тие рамки се вклучив да дискутирам со одредени укажувања кои се однесуваат на следното:

Во наведените причини заради кои треба да се донесе овој закон се кажува дека е настанатa потреба од овие измени, пред се заради допрецизирање и дополнување на одделни одредби од Законот. Всушност кога го погледнав Законот не видов дека се прави ни допрецизирање ниту дополнување на Законот со предложените измени, туку едноставно се изменуваат одредени одредби од неколку члена, со кои измени се предлага, т.е. Владата предлага Парламентот да ги усвои тие измени кои всушност ја менуваат атмосферата во одвивање на оваа дејност. Имено станува збор за предложени измени од страна на Владата, со кои измени се прошируваат ингеренциите на Владата во оваа сфера, дури се издига на ниво на активен субјект во самото одвивање на игрите на среќа, до тоа ниво, би рекол, што Владата станува активен играч на среќа или активно учествува во креирање на амбиентот, реализација на оваа област. Значи партнер на оние кои ја реализираат оваа дејност. Партнер кажувам заради тоа што овие предложени измени ги суспендираат пазарните односи кои со досегашната законска регулатива беа воспоставени, воведуваат не пазарни елементи, т.е. елиминираат конкуренција од оваа сфера.

На сите присутни овде и пошироко треба да ни биде јасно, штом се елиминира конкуренцијата т.е. штом се воспоставуваат непазарни односи во оваа сфера, тогаш се поместуваат правилата на игра за игрите на среќа и забавните игри кои се приредуваат во Република Македонија. Имено, бидејќи ова е претрес по Законот, јас должам, штом веќе ги давам овие квалификации, да објаснам зошто ги давам.

Прво би се задржал на самото образложение.

Во вториот став од образложението се кажува дека со измена на член 11 од Законот се предлага Министерството за финансии да ги евидентира лозовите и картичките, со цел да има увид во бројот на издадените лозови и картички, а што е од влијание за утврдување на приходите.

Се согласувам дека е тоа така и дека таа измена овозможува да се има увид и влијание во утврдувањена приходите од оваа дејност. Но, зарем со досегашниот закон немаше таква можност да се има увид и да се има влијание во утврдување на приходите. Имено досегашниот член предвидуваше, печатењето, евидентирањето и дистрибуирањето на лозовите и томболските картички за одделни видови игри на среќа, за сметка на приредувачите, го врши Министерството за фикансии.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (Продолжение)

Во измените сега се предлага само евидентирање да врши Министерството за финансии, а печатењето и дистрибуирањето незнам кој ќе го врши понатаму. Значи, ако досега имаше основ по повеќе основи да се утврдат приходите сега Министерството само по основ на евидентирање може да ги утврди приходите. Дали, и за оваа дејност Министерството ќе формира некое акционерско друштво да печати и дистрибуира мене не ми е познато, бидејќи во законот се утврдува дека во Министерството само ќе се евидентираат. Дали печатењето и дистрибуирањето ќе си го вршат самите приредувачи на игри на среќа и тоа не ми е познато затоа што не е вградено во законот. Во законот се третира само евидентирањето.

Оттука, господо, е многу подобро досегашното решение ако се има за цел да се утврдат приходите и да се обезбеди влијание да се утврдат приходите од оваа дејност. Сегашната понуда на формулација на ваков член ја отапува таа можност, т.е. ја смалува можноста да се има влијание во утврдување на приходите од оваа сфера. Тоа е првиот аргумент кој што го дадов во прилог на воведот кој што го кажав.

Вториот аргумент кој што е многу суштествен, би рекол и оваа измена на законот само заради тоа се предлага е да лиценца за постојано приредување на игри на среќа чиј број е неограничен се издава врз основа на одлука донесена од страна на Владата.

Значи, сега се овластува со овој закон Владата да донесе одлука и на дотичен заинтересиран субјект му овозможи да приредува игри на среќа по нагодба на Владата, како сака Владата. Тоа значи дека го елиминира институтот јавен оглас кој што до сега важеше и по кој досега се издаваа лицентите. Тоа значи дека ја елиминира конкуренцијата, тоа значи дека е непазарно и недомаќински постапува, затоа што претпоставува ако ја задржеше конкуренцијата, тогаш ќе можеше во иднина по овој основ да се обезбедуваат поголеми приходи во Буџетот, затоа што јавниот оглас во суштина тоа и го нуди да има натпревар во однос на понудите и да се оценуваат поволностите на понудите која е подобра, т.е. кој повеќе пари ќе даде за буџетот тој да приредува игри на среќа.

Тука, во основа се гледа намерата да Владата активно ја промовира својата улога во креирање на амбиентот кој ќе приредува игри на среќа, под кмои услови и на кој начин.

Третиот аргумент кој што сакам да го кажам во прилог на воведот е измената на членот 4 од Законот, со кој што само со една реченица, т.е. со една измена фондот на добивка се смалува од 60 на 55%. Не сум информиран кој беа причините Владата да се одлучи на ваков предлог и ние да го потврдиме овој предлог, затоа што се сомневам дека организациите кои што приредуваат игри на среќа работат непрофитабилно, па од таму да се одлучиме да го намалиме фондот на добивки кај тие организации на 55%, т.е. да ги оштетиме играчите на игри на среќа, затоа што кога е фондот помал, тогаш и можноста да се добие награда по однос на односна игра е помала.

Тоа се основните мотиви кои што побудија интерес кај мене да се јавам за збор по овој закон кој што, мислам дека ја влошува атмосферата во оваа дејност ако законот се усвои ваков како што е предложен со овие измени што се предложени пред Парламентот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 6 за менување на став 2 и на член 22 за менување на став 4. Истите Владата ги повлече.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 1-а по членот 1 и за додавање на нов член 3-а и 3-б по член 3 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман за додавање нов член 3-а по член 3 и на член 7 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановки овој амандман го повлече.

Пратеникот Оломан Сулејмани поднесе амандман за менување на новиот член 3-б и за додавање нов член 6-а по членот 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Оломан Сулејмани поднесе амандман на член 6 став 2 алинеја 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Оломан Сулејмани го повлече амандманот на член 6 за додавање нов член 6-а по член 6.

Пратениците Томислав Стојановски, Кирил Андоновски и Данило Глигоровски поднесоа амандмани за додавање на нов член 1-б по новиот член 1-а, за додавање нов член 3-б по новиот член 3-а и за додавање нов член 7-а по членот 7 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски поднесоа амандман на член 7 став 1 по кој Владата не се произнела.

Амандманот за додавање на член 7-а по членот 7 е повлечен.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани за

додавање нов член 3-в по членот 3-б по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 1-б по новиот член 1-а, за додавање нов член 3-б по новиот член 3-а и за додавање нов член 7-а по членот 7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по член 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 3-б по новиот член 3-а, поднесен од пратениците Томислав Стојановски, Кирил Андоновски и Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Амандманот ќе биде составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на новиот член 3-б поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, од кои за гласале 13, воздржано 4 и против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на новиот член 3-б поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 3-в по членот 3-б поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на предложениот Текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 алинеја 5, поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали накој друг бара збор?

(Никој)

Бидајќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Пратеницита гласаат)

Ќа ги молам службите да извршат поадинечно прабројување на присутните пратеници во салата, бидејќи колку што можам да забележам, не гласала сита присутни пратаници, или пак толку пратаници се присутни, за да можеме да го објавиме резултатот од гласањето.

Ве молам, резултатот од гласањето не е валидан и *ќе* ги молам колегите кои не се во салата да влезат за да го повторима гласањато.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

(Пратеници влагуваат во салата)

Сега се исполнија условите за гласање, имаме 61 пратеник и можеме да гласаме.

Молам да гласаме.

(Пратениците гласаат)

(Според резултатите објавени на таблата, повторно нама доволен број пратеници во салата)

Ве молам, сега очигледно некој не гласале, бидејќи имама повеќе од 61 пратаник во салата.

Молам службите да го утрдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник.

За амандманот гласале 12 пратеника, 4 се воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2 алинеја 6 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратениците Томислав Стојановски и Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот ќе биде составен дел на текстот на предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници од кои за гласале 45, воздржано 10 и против 7.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и за забавни игри.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за правда Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Законот чие донесување се предлага Собранието на Република Македонија го донесе во втората половина на 2000 година и би сакал неколку збора да кажам по однос на процесот или како што јас ја нарекувам трансформацијата на јавната администрација во Република Македонија.

По однос на реформата на јавната администрација во нашата држава сите знаеме дека активностите се во тек, тој процес е отворен и тој процес си тече, но во јавноста или воопшто кажано има создадено еден влечаток дека реформата на јавната администрација во нашата држава се прави со основна цел заради тоа дека тоа го бараат или меѓународните странски институции, или пак, сакам да кажам дека е во погрешна насока, или пак тоа се прави заради тоа дека е потребно одреден број на вработени во органите на државната управа треба да ја олеснат државната управа и да си заминат дома.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ**: (продолжение)

Сметам дека ова општо мислење, или овој тек на мислење по однос на реформата на јавната администрација не е добар и не е реален затоа што навистина треба поинаку да се сфати реформата на јавната администрација кој е процес низ кој нашата држава мора да помине, затоа што така се определивме, затоа што тој е тренд што мора да го минеме и кој е нормално и макотрпен.

Новиот закон кој беше донесен во 2000 година се постави како приоритет заради спроведување на реформата на систмот на државната управа, но со неговото донесување не се затворија сите реформски процеси посебно не во областа на редефинирањето на улогата на државата. Така што низа активности и сите анализи кои беа и се прават упатуваат

дека одредени функции во јавниот сектор можат да се пренесат во приватниот сектор, односно постои можност за воведување на пазарни елементи во работата на јавниот сектор. Беа превземени низа активности во правец на дефинирање на суштинските и несуштинските функции на државната управа. Тој како процес си тече и ќе тече, се прават анализи за тоа кои функции во државата се суштински, кои не се суштински, се со цел, основна цел е реформа на јавната аднимистрација.

Утврдувањето на функцијата вештачење како несуштинска функција за државата и укинувањето на истата со истовремено укинување на Бирото за судски вештачења како орган на државната управа, а врз основа на состојбите на пазарот и постоењето на конкуренцијата во областа на вештачењето од страна на физички и правни лица паралелно со надлежностите кои ги има Бирото за судски вештачења, потоа остварувањето на сопствени приходи, но и компаративните сознанија што ги имаме и искуствата на другите држави претставуваат основен елемент поради кој се пристапи кон донесување на овој закон. Од овие погоре изнесени причини Владата му предлага на Собранието да го донесе овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Јасно дека целта на овој предлог за донесување на закон што треба да се постигне со истиот е продолжување со реформата во областите кои ги покрива системот на државната управа и дефинирање на улогата на државата како што истакна и министерот, или таканаречена како што рече тој трансформација на државната управа. И во еден краток период по донесување на законот за организација и функционирање на органите на државната управа имаме една предложена измена. Пратеничката група на СДСМ не мисли така како што истакна министерот дека некои пратеници и некои пратенички групи мислат. Ние и при донесување на тој закон укажавме дека треба да има мала и ефикасна државна управа која ќе биде сервис на граѓаните во остварување на своите елементарни права. И при доаѓањето на власт на оваа коалиција тоа беше и во предизборната кампања и пред овој Парламент многу пати повторено, еден шалтер, остварување на правата на граѓаните без задржување промовирано од голем број на министри. Затоа сметаме, барем јас лично сметам дека со овој предлог на закон кој согласно член 95 од Уставот на Република Македонија е доста важен и сложен и се донесува со двотретинско мнозинство, основно и битно не продолжува реформата на државната аднимистрација. Не продолжува реформата согласно стратегијата на Владата на РМ, за реформи на државната администрација и оперативниот план за реформи на јавната администрација во 2001 година. Што имаме во овој законски предлог? Укинување на Бирото за судски вештачења. Во стратегијата и во оперативниот план многу добро и јасно е зацртано. Реформите во јавната администрација во РМ не се започнати и не се помрднати ниту малку од место. Целокупното расправање во овој Парламент со Уставниот суд, донесување на разни закони, кој е резултатот? Резултат е 5.800 отпуштени работници, 5.800 новопримени работници во јавната администрација по партиска линија. Тоа е резултатот од реформата. И сега на овој Парламент се предлага укинување на одредени несуштински функции. Владата во својата стратегија јасно се определи и ги определи кои се несуштински функции за функционирање на јавната администрација односно внесување на приватен капитал, на пазарни елементи, давање на концесии и во таа смисла приватизирање. Тоа е Службата за општи и заеднички работи, тоа се помошните персонали во сите министерства кои изнесуваат некаде 2.000 или 3.000 вработени, тоа е Геодетската управа. Владата на РМ и Министерството за правда на овој Парламент треба да му предложи таков закон кој ќе има суштинско значење, кој ќе ја остварува реформата, а не 30 луѓе од Бирото за судски вештачења да се отпуштат од работа спротивно на стратегијата за водење грижа за секој вработен. Јасен е овој закон, на сите тие вработени луѓе нема да им се понудат нови места, бидејќи нема место во систематизацијата за Министерството, тие во рок од месец дена ќе добијат отказни решенија и ќе добијат надоместок според годините на стажот до 12 плати. Спротивно е на стратегијата за реформи во државната администрација во однос на остварувањето на нивните права. Тој е еден од битните елементи. Но,

најбитниот елемент што сметам дека и пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој закон бидејќи е спротивен на стратегијата за реформи. Ни треба закон кој ќе нуди реформи и остварување на целта на Владата, односно мала, современа и ефикасна администрација вс која граѓаните ќе ги остваруваат своите права. На тој план ништо не е направено, а со овој закон ништо не се прави. Затоа сметаме дека нема потреба, дури би укажал министерот за правда да го повлече овој закон и пред Парламентот да излезе со законски проект кој ќе не убеди дека врши реформи и за кој треба да се дадат двотретински гласови. Тогаш веќе да имаме сознанија и да можеме да кажеме дека реформите започнаа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јасно е дека било каков предлог од Владата овде во Собранието може да наиде и на отпори што не е доволно јасно дали тие отпори треба да имаат побуда од маркетиншки карактер. Јас својот однос кон предлогот на Владата ќе го вградам на едно друго свое согледување. Мене ме погодува критиката што се упатува до РМ од страна на Европската комисија за високата корупција кај нас. Доколку извесни дејности од државната админстрација се приватизираат, односно таму почнат да владеат пазарните механизми, мене ми е нејасно, односно не можам да согледам дека на нашите граѓани на тој начин ќе им биде полесно. Тие и до сега имаат во опходот, во контактот со администрацијата големи тешкотии, големи тешкотии при поднесување на било каков поднесок, па еве и можеби и за жал при овој предлог за приватизирање на Институтот за судски вештачења не се кажува какво било досегашното работење на истиот тој институт па да знаат, или да можеме отсега да дадеме проекција како граѓаните ќе бидат услужени.

Ова е суптилно прашање и ми се чини дека воведувањето пазарни механизми кога земјата е на високо место на ранглистата на корупција, за жал тоа важи и за соседството, но ние тука водимд грижа за својата држава. Мислам дека треба овие зафати да бидат поврзани со подобрувањето на профилот токму на корупциски план, поточно корупцијата да биде намалена, а потоа да Се премине кон вакви во суштина зафати за поздравување. Досега е Нејасно луѓето какви услуги добиваат, поточно јасно е дека Не се добри услугите, дали во судовите, дали кога Се оди на Лекување може да се каже нешто и за сферата за образование. А што Ќе биде ако пак тие услуги бидат во приватна режија, тогаш до кого ќе се обратат граѓаните? Ние за жал овде може и Ќе прибегнеме кон тоа да оваа Дејност како една ја одделиме од административниот апарат. Но, Ќе останат неосветлени сите постојни практики, сите чекори, сите Дејствија што Се случиле во рамките на таа дејност. Мислам дека повикани сме да бидеме и совесни и Дека важењето, и стапувањето на снага на овој закон треба да биде поврзано и со солидна слика на планот на корупција, поточно кога корупцијата Ќе биде потисната во снослива димензија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ми дозволите господа и јас да го искористам правото како пратеник, да проговорам Нешто што *ќе се* најде помеѓу мислењата на Бошков и Гештаковски.

Лично сметам дека овој Завод за судски вештачења кога Се носеше Законот за државните службеници беше лошо лоциран. Државните службеници во основа извршуваат примена на закон и тие донесуваат одлуки кои мора да Се почитуваат од учесниците во постапката која тие ја спроведуваат. 0вде Се работи за вештачење, за мислење по пооделни области или предмети каде веќе Тече постапка пред еден овластен орган. За ваше сознание колку што мене ми е познато мислам дека постојат уште 6 фирми кои вршат вештачење на територијата на РМ. Овие се услужни работи и тие би било подобро да се вршат надвор од власта. Зошто велам надвор од власта? Затоа што ако се во власта, тие треба да бидат одлуки. Меѓутоа работата на Институтот е наод и мислење. Значи, остава место и право на друг орган кој води постапка да прифати, или да Не прифати една таква одлука. Таа одлука никогаш не може да биде извршна и не може да има последица по странка, односно по странките. Затоа оваа е една слободна институција која ќе има многу поголема гаранција ако зад неа не стои државата, туку да стои науката, вештината и знаењето. Јас не сакам да го повторувам г. Гештаковски, дали ова не е реформско, затоа што требало 30-тина луѓа да добијат отказ. Тие 30 луѓе јас ги познавам многу поодамна, да не кажам повеќе од 20 години со кои луѓе сум

работел како адвокат, тие навистина се високостручни личности, тие покрај својата лична наобразба покрај своето лично знаење користат и други институции на наука и соработуваат со нив и донесуваат заеднички наоди и мислења. Што значи дака не дејствуваат како државен орган, туку како орган на знаење, на умеење. И зошто да не им дадеме една слобода да не може да има директор да му каже: вака ќе вештачиш, ова нема да го цениш вака, онака, туку во прашање ќе дојде само знаењето и умеењето и на крајот и вештината. Затоа сметам Дека во полза на граѓаните ќе биде да можат ти9 да користат знаење на одредена институција надвор од државата. И тоа би било реформа навистина во смисла на слободен пазар. А ако сакаме во смисла на Гештаковски да задржиме државен институт кој ќе има императив на знаење и умеење без да може да се почитува туѓо знаење и умеење, тогаш немаме реформа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Посебно му благодарам на потпретседателот Стојановски, појаснувањата се јасни, насоката на размислување исто така, некои мои двојби и дилеми се разбистрија. Јас лично не кочам ваков зафат, но би сакал навистина да видам да се намали корупцијата во државата, а потоа да се пристапи кон вршење приватни, или пазарни услуги и во доменот на вештачењето. Господине Стојановски, вие спомнавте дека редица институти веќе се вон административниот апарат, но со големо жалење ќе забележам дека вештачењето на пример што се врши на Машинскиот факултет при уточнување носивост на приклучни возила, или пак оценка за погодност на товарно возило, или патничко возило, навистина се голема тешкотија за нашите граѓани. А кај таа институција, кај тој Институт т.е. при Машинскиот факултет е всадена голема моќ. И никој од повиканите институции на системот на политиката не ги претресува јадовите и маките на кои наидуваат граѓаните во своето секојдневие. Тука ќе има потреба од продлабочени анализи и исто така од подобрувања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Бошков, јас го разбирам вашиот став во однос на Машинскиот факултет, меѓутоа сметам дека ова ќе биде еден чекор и таму да се врши интервенција, да биде и друг.

Има збор господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам господине потпретседателе, ние во име на една пратеничка група имаме веќе став дека нема да се гласа за овој закон, а бидејќи се бара двотретинско мнозинство, односно 80 гласа, логично е да се бара решение. Се работи за важна материја односно државната управа е важен сегмент без соодветна екипирана, професионална, компетентна државна администрација не може да се има институции, не може да се има држава.

Затоа предлагам едно вакво решение за да не одиме процедурално во ќорсокак односно да се изнајде решение.

Од страна на Партијата која не се согласува да гласа за законот предлага од нивниот состав или од научните структури од универзитетски професори некого, па со екипите кои работат во рамките на Министерството за правда да се види што може да се направи и да се изнајде, по можност, заедничко решение што го бара Законот за државната управа за да се изгласа тој закон односно за да добие двотретинско мнозинство.

Молам, за овој предлог, ако е можно да се произнесе и претставникот на Владата.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Биљали.

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, бидејќи неколку пати ме прозивавте прво сакам да кажам ние сме за реформи и ние сме за усвоената стратегија за реформи во јавната администрација. Кажуваме дека ова е дел мислам најмалиот дел што треба да следи во реформите. Не сме против и предлогот на колегата Биљали

(потпретседателот ги опоменува пратениците за нивното невнимание).

Во моето излагање јас укажав дека Министерството за правда кое е задолжено за реформи пред овој Парламент треба да излезе со проект покрај другите реформи и за делот за оние неважни, несуштински функции кои треба да ги растоварат граѓаните кои можат да се приватизираат, а Заводот за судски вештачења во одредени елементи би требало да биде. Тоа е првиот дел, што значи бараме проекти за реформи и сме за реформи а не шминки и дотерувања и играње на реформи. На тоа ми заличува овој закон.

Вториот дел, вие зборувавте за Заводот за судски вештачења како бил добар, како бил заслужен, не се работи за приватизација,

туку за укинување на овој орган. Вие тоа што го зборувавте нема никаков однос со тој закон и сега луѓето кои се вештаци, кои можат, согласно Законот за трговски друштва, да формираат свои трговски друштва и да ги пружат услугите. Само вие едно не сакавте да кажете, го премолчавте пред целиот Парламент и министерот за правда дека сите основни судови во Република Македонија до сите пратеници доставија свои мислења за нивното работење и рефлексите од укинувањето. Тоа никој не го оспори, тоа вам многу добро ви е познато.

Овде не се работи за трансформација и праватизација, се работи за укинување на органот, што врз основа на аргументи, врз основа на целосни согледувања во рамките на реформите би можеле да го прифатиме.

Основниот акцент е дека не се работи за реформи. Во овие три години Владата врши шминкање, ништо не е направено, а доказ е овој закон на крајот во неможност за реформи се нуди овој закон. Кој е аргументот? Ќе ви го кажам аргументот и со министерот да полемизираме, не е само намалувањето, ефикасноста, каква ефикасност кога ние пратениците ништо не сме направиле за граѓаните во овие три години и десет години во пружање на услуги, на кој сакате шалтер. На голема врата се најавуваше, се најавуваа закони дека за два месеци на еден шалтер ќе оди некој од министрите, па по службена должност ќе се бараат документи, но ништо не е направено.

Другиот елемент од аспект на Буџетот, јас укажав на неколку пати премиерот на Република Македонија требаше да потпише за вработување а Уставниот суд го укина, сега го напрсвивме во Законот за извршување на Буџетот 5800 вработени се отпуштени кои со предвремено пензионирање кои со отпремнина, но примени се повеќе од тој број, близу 6000 нововработени. Каде е тука реформата? Ние укажувавме на тоа. Млади стручни кадри се примаат, но пак по политичка основа. Затоа бараме целосен проек[г] пред овој Парламент и ние да учествуваме и да придонесеме за реформите во јавната администрација со една единствена цел граѓаните да можат да ги остваруваат своите права.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, немамнамера повеќе да зборувам, ако министерот има нешто да каже нека каже,веројатно се разликуваме во начинот на размислување и доволно е.

Повелете господине министре.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Јас би сакал само едни кратки појаснувања да дадам. Сепак сметам дека дискусиите треба да бидат посериозни, поготово на предпоследниот пратеник од следната причина.

Сите знаеме дека власта во оваа држава е поделена на три власти. Пратениците се запознаени, а и во самиот текст на образложението на Законот стои дека Владата како извршна власт 1999 година има донесено стратегија за реформа на јавната администрација. Еден од сегментите што сега го опфаќаме со донесувањето на овој закон се органите на државната управа, што нема да значи дека само со овој чекор ќе се пре кине или нема да се опфатат и други органи на државната власт, односно на државната управа кои за државата односно за функциите на државата не се суштински кои можат слободно да се изнесат на пазар.

Зошто со овој закон се предлага само укинување на Бирото за судски вештачења? Затоа што, а тоа не значи дека само тоа се укинува, еве ќе ве известам другите зафати што Владата ги зафаќа согласно Стратегијата на реформата на јавната администрација се исклучиво во надлежност на извршната власт.

Беше спомната Службата за општи и заеднички работи, таа операција ако можеме така да ја наречеме, нема потреба од законско зафаќање туку од зафаќање со општ акт на Владата.

Одиме понатаму, вие господа пратеници го усвоивте Буџетот во истиот буџет беа предвидени вакви чекори и вакви реформи како во однос на несуштинските делови што се во образованието така и во Министерството за правда односно во Бирото за судски вештачења.

Исто така, сакам да ве известам дека е во тек и постапката за петтиот несуштински орган во државата и за реформа на тој дел или за одвојување на тој дел од органот на државната управа не е потребно донесување на закон, а тоа е несуштинските делови што се во Министерството за одбрана а тоа се Секторот за услуги и производство и тн.

Ја користам приликата да ги известам пратениците дека се во тек детектирањата, тоа го реков во воведното излагање, и на другите несуштински функции на органите на државната управа така што мислам дека оваа 2002 година ќе бидат опфатени уште пет до десет други органи или органи во состав на органите на државната управа кои

согласно реформата и согласно анализите и укажувањата ќе се сметаат за несуштински во државата.

Во оваа насока треба да се смета како еден од првите чекори за реформа на тоа што значи јавна администрација.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине министре.

Дали уште некој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Ве молам, да гласаме.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата затоа што за заклучокот не ни е потребно двотретинско мнозинство но за самиот закон.

Ве молам да гласаме за предложениот заклучок. Вкупно гласаа 66 пратеници,од кои 53 за, 4 воздржано и 9 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратнеици, од кои 54 за,6 воздржано и 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молма, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тек-стот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам службите да утврдат присутност на пратеници дали воопшто ќе можеме да пристапиме кон гласање.

Од извршеното броење констатирам дека се 63 пратеници, значи не е исполнет основниот услов, во салата нема присутни барем две третини пратеници, па тогаш да се пристапи на гласање, затоа што не можеме да имаме резултат на гласање.

Поради ова гласањето по предлогот на овој закон го одлагам за време кога ќе се исполнат условите за негово гласање.

Продолжуваме колеги.

Преминуваме на 17-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот. Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници од кои 54 за, 6 воздржани и 6 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Прелдогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 56 за, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

(Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседателе.

Во текстот на Законот член 64 говори за надзорот врз спроведување на одредбите на законот и тој надзор согласно природата на работата е лоциран во Министерството за финансии. Добро, добри коментари едноставно и самата дискусија можат да ја направат излишна. Говориме за текстот на Законот, повелете колега ако имате уште нешто да забележите повелете

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бошков, вие имате збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас имам збор, но јас слушам постојано коментари. Не бива така. Вие заседавате со седницата, па гледајте што се случува (претседателот ги моли пратениците за тишина). Не мислам да се занимавам со колеги кои постојано упаѓаат, се веселат, се смеат како да е сега некаква прослава. Ова е седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа немојте да се занимавате со нив.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се обидувам да бидам сериозен колегите си прават шеги и пак сум јас виновен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам продолжете.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Тоа е вистина ако е потребно да се направи некаква веселба во ред ќе викнам и тапани,добро, за темата но гледам колку вам ви е важно воопшто да се говори за оваа тема. Јас мислев да бидам кус и да се задржам исклучиво на член 64 и затоа прескокнав пријавување дискусија при општиот претрес само што господа два пати господа не само еднаш не е доволно што во македонскиот јазик се воведе поимот господин и госпоѓа и господа, потребно е тоа да го удвоиме.

Јавните набавки се поврзани со издатоци на средства и на финансии поточни на моќ која е исцрпена, која е пренесена од потенцијалот и надлежностите на граѓаните. Какви набавки се вршат тоа е евидентно посебно им е јасно на тие партии што се во коалиција и на тие што се во опозиција.

**ЈОРДАН БОШКОВ**:(Продолжение)

Никако не почнувате да водите претрес што е со инспекцијата. Овде ние имавме и Комисија за јавни набавки, мислам до 1998 година која Комисијапокажа дека не постои скандал, и не видовме никаква завршница. Значи се било регуларно, регуларна била бедата.

Членот 64 е многу јасен и зборува за надзорот околу спроведување на одредбите од овој закон. Тука треба и ние да разбереме дека надлежност има и самиот Парламент. По се изгледа, кога ќе се сретнеме со нашите сограѓани, инаку потонати во беда, а токму заради таквата политика или политичари кои седат во овој Парламент и се смејат, наместо да ја вршат работата, наместо да гледаат дали се спроведуваат законите, кога се среќаваме со луѓе кои не можат да добијат ни обични ортопетски помагала, а имаат потреба од тоа, кога се среќаваме со луѓе кои неможат да си ги подмират издатоците за потребите во школството и т.н., се дел од тие причини, бидејки и јавните набавки не се соодветни.

Јас по претходната точка која се однесуваше на орган на управа поточно Завод за судски вештачења, укажав дека корупцијата е голема мака. Ние како земја сме сведени на многу ниски гранки. Сметам дека секоја јавна набавка, посебно во јавните претпријатија треба да биде евидентирана и истакната . Не е доволно што ова Министерство за финансии ќе спроведува надзор. Едноставно самите јавни установи, јавни претпријатија, бидејки користат народни пари, должни се да дадат на увид како стопанисуваат со средствата. Таков увид треба да се добива од секого.

Бидејки такви работи не се спроведуваат со настап на говорница во Собранието, јас нема понатаму да се замарам, а посебно вас да ве замарам и тука би ставил точка на мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме?

Гласале вкупно 66 пратеници.

За гласале 62 пратеници, воздржано гласале 4 и против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки.

Минуваме на 18-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за надворешнио трговско работење со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

олам, кој бара збор.?

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседател, почитувнаи пратеници,

Законот за надворешно-трговско работење кој навидум изгледа мал, се менува само еден член и неколку точки, мислам дека во Макеоднија предизвика, токму поради тоа и е предложен да се донесе, направи еден голем проблем само заради тоа што, кога се носеше Законот за ДДВ се предложи Закон за измена т.е. за возилата да не се плаќаат акцизи или да бидат намалени и за царината која се предложи да биде намалена, или да биде укината, како што е во соседните земји Бугарија и Албанија и ред други држави каде нема производство на возила. Ние тоа не го направивме и по предлог на Владата на РМ, колегите од позицијата во Парламентот подржаа акцизите да бидат 55% за возилата над 2 иљади кубика со 25% за возилата до 2 иљади кубика и со царина од 23% и 14%.Сиромаштијата на граѓаните кои не можеа да набават така скапи возила, бидејќи цената беше многу висока, акцизите беа уште по високи, ги натера да се снајдат, да увезуваат коли од соседна Бугарија и Албанија и од други држави и да ги регистрираат таму така да се одлеваа големи пари, тоа го знае целата македонска јавност, во Макеоднија има влезено околу 30 иљади возила со регистрација на албански и бугарски таблички, кои возила сега шетаат по нашите патишта, не плаќаат ништо ниту за регистрација, не плаќаат давачки и при увозот, а шетаат по нашите патишта.

Сега Владата тоа кога го согледа, но тоа беше еден, да не кажам инает, да не се прифати Предлогот на законот кои го предлагаа почитуваните коелги Бузлевски и Иљоски да се смалат акцизите и царината за да може увозот да биде пристапен на секој граѓанин, бидејки возилата за овие граѓани не се луксуз. Можеби се луксуз за тие што купуваат џипови БМВ и т.н., но за овие граѓани се потреба за да можат да ги превезуваат земјоделските производи од кои егзистираат. Тоа доведе да се увезат 30 иљади возила, кои реков, кружат по патиштата низ Македонија. Сега откако се создаде проблемот се обидуваме да го решаваме.

Јас ви тврдам дека и со оваа измена на Законот за надворешно трговско работење не го решаваме проблемот, бидејки овие возила кои се увезени, околу 30 иљади, само 10% се вклопуваат во овие 10 години староснa граница. Другите се над 10 години и пак со 25 иљади возила ќе ги тераме, како што пишува и во печатот и изјави на поедини владини функционери кои велат дека треба да се извадат бугарски пашапорти. Ако е тоа целта од тие граѓани да правиме бугари, тоа е друго прашање. Но, овие граѓани порачуваат дека бугари нема да бидат никогаш. Тие се македонци и македонци ќе си останат, па ако треба возилата и да ги вратат назад.

Јас околу оваа работа имам предложено амандман кој гласи дека староста на возилата треба да се зголеми барем на 15 години, иако јас предлагам не на 15 години, туку треба да биде неограничена староста за увоз на возилата, бидејки секој граѓанин кој сака да си набави возило тој си го набавува со сопствени пари и тој гледа што купува и за каква функција го купува возилото, се разбира претежно граѓаните ги увезуваат за да можат да ги извршуваат земјоделските работи, да пренесува хран аза стоката и т.н.

Ние сега направивме уште една катастрофална грешка со законот за измена на акцизите од 55% на џиповите, на луксузните коли со над 2 иљади кубика, смаливме на 7,5%. Значи тоа е само за тие што имаат пари, тие , слободно можам да кажам што ги украдоа парите од државата. Тие сега плаќаат акцизи 7,5% за возила за кои досега се плаќаше 55%, а царината и за до 2 иљади кубика и за над 2 илајди кубика се изедначи на 10%. На кого му помогнавте во случајот? Им помогнавме на оние кои имаат многу пари, кои купуваат џипови од 300 иљади марки, тие да плаќаат мали давачки на државата, а на оние кои немаат пари, кои одвај собрале 5 иљади марки да купат некое поволно возило за да ги извршуваат функциите, тие ги плаќаат истите давачки со оние другите. Господа, со тоа мислам им одмагаме на оние граѓани на кои возилата им се потреба а не луксуз.

Уште еднаш предлагам, амандманот кој го предлагам за 15 години старост, сепак ќе го реши проблемот некаде барем 90% и за увезените возила, а понатаму луѓето

ако увезуваат да си плаќаат давачки, да не ги изнесуваат парите надвор да не плаќаат надвор, бидејки секоја година секое возило кое во странство е регистрирано плаќа по 500 марки зелена карта и плаќа регистрација. Значи сите тие пари одат надвор, а тие не плаќаат ниШто за одржување на нашите патишта. Значи Македонија тука губи. Затоа мој предлог е да се прифати на 15 години.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро е тоа што измената на овој закон се однесува исклучиво на увозот на половни или користени патнички возила мислам и на товарните.

Законот е менуван, можеби десетина пати, барем осум пати досега од неговото донесување каде при едно донесување, мислам во мај 1999 година јас и колегата Краљевски имавме амандман да не постои старосна граница за увозот на моторни возила, туку увозот да биде врзан со нивната техничка кондиција односно состојба во која што се тие. Овој пат и колегата Иванов предлага покачување на границата. Тој слободно може да се надоврзе на тој амандман од пред двеипол години со што ќе им се излезе во пресрет и на граѓанит еи на државата.

Инаку забелешките дека народот ќе станел бугарски , или некаков друг, јас мсилам дека не се на место. Народот реагира таму каде што има излез. Добро е што Валдата овој пат влече потег, може некој да спори, но во секој случај потегот е на место: Од наша страна ќе биде добро ако ние успееме оваа граница од 10 години да ја покачиме, а од друга страна пак да обезбедиме на граѓаните солидна услуга при прегледот на тие возила. Засега има невидени, да не кажам страотни реакции за тоа како поминува странката кога оди на вештачење со купено возило во странство.

Ми се чини дека Парламентот е повикан и овој аспект да го претресе, а пак надлежните инспекции во ресорните министерства да поведат сметка луѓето да немаат и понатаму од по маките туку за луѓето да биде осетливо подобрувањето на овие мбжности за увоз.

Не дека нашите проблеми ќе се решат, ако се либерализира увозот на стари возила, но во секој случај безбедноста, физичка, на учесниците во сообраќајот ќе биде покачена. Нашите граѓани нема веќе да се возат во мали коли да не употребам не пригоден израз, лименки или кондури, туку навистина во возил акаде што физичката заштита е обезбедена, отука се радувам што имаме предлог за донесување на измена на Законот за надсворешно трговско работење во тој правец и го подржувам изнесениот амандман на колегата да се покачи старосната граница со укажување дека е нужно луѓето да почувствуваат олеснвуања и при техничките прегледи, или при добивањето сертификат, иликако што се вели досега, еден убав збор, комологизирање на возилата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не се согласувам со амадманот со кој се бара да биде неограничена староста за увоз на возила затоа што во РМ доволно е тоа што се предлага сега со Законот увоз на возила до 10 години старост, бидејки кршови не би требало да се вози во Македонија, знаете сега Железара, голема беше каде се топеа старите возила. А сега што ќе правиме ние, Железара не е више така голема и не може да се топат тие возила.

Досега овој закон го немаше, сега што се предлага и вакви услови граѓаните досега немале. Ако сака некој да купи кола со старост од 10 години која овде чини 12 до 15 илјади марки, јас многу добро се разбирам од цените на колите и да ви кажам тоа што чини во странство 3 или 4 илјади марки овде на пазар чини 12 до 15 илјади марки. Така да мислам дека за ефтини пари може да се увезе кола со старост од 7 до 10 години. Јас имам фирма во Бугарија и знам колку се купуваат колите. Има коли кои се купени над 10 години старост а тие се купени за 500 до 1500 марки. Кола од 1990 година наваму, еве на пример мерцедес 190, 8 години стар, можеш да земеш за 4 илјади марки во Бугарија. Сите сакаме нешто да искористиме но мораме да бидеме свесни каков закон ќе донесеме. Едино може тие во земјоделието што се вратиле во селата и планините, предлагам Министерството да ги ослободи нив од секакви давачки за да можат да ги обработуваат нивите, да увезат земјоделски машини. Значи законот е добар бидејки ако се покачи старосната граница ние ќе увеземе секакво ѓубре од странство, еве како автобусите градски што се возат сега, стари, кои го загадуваат целиот град. Мислам дека до 10 години старост одговара . Таквите возила не се скапи. Ако едно возило се купуваше тука во Македонија, во странство за истите пари можеш да купиш три возила. Со тоа користат сите граѓани. Значи 10 години е доволно за старост на возилата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Иа збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, јас сакам јавно да искажам едни мои размислувања околу овој проблем за внесување на возила со одредена старост, или неограничена.

Да направиме уште едно договарање тука, да не ги лажеме граѓаните дека парите за купување на возила ќе останат во Македонија. Колеги, па ние немаме фабрика за автомобили.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Било каде да е, ќе мора да се однесат тие пари за купување возила надвор од Македонија. Каква глупост е тоа некој да стане овде да држи говор , ќе ни останат парите овде, пак ќе ни останат парите овде. Парите за купување одат од Македонија. Дали тоа ќе биде организирано преку претпријатие, поединечно или на било кој начин , ќе се купи од надвор.

Проблемот е да направиме олеснување на граѓаните во две насоки. Првата насока е дали ќе останиме на старосната граница од 10 години, ќе направиме ново поместуваше пак со плафон или како што е предлог на овој амандман, да нема ограничуваше. Тоа е едниот дел.

Вториот дел е кои ќе бидат давачки и на кој начин ќе се утврдуваат при внесување на возила од страна кои ќе се купат за пари и кои мора да излезат до Македонија, без разлика дали се стари или нови возила.

На крај што е најбитно дали ние каио претставници на граѓаните овде ќе дозволиме да се наруши еден добар простор . Дали ќе дозволиме екологијата да се наруши до тој степен во средината во правото на живеење со стари, дотраени или уништени мотори , кои бараат многу поголема потрошувачка на енергија. Државата мора да биде обврзана да ги снабдува со гориво. При регистрација дали ќе се зголеми вниманието на оние кои вршат регистрација за техничката исправност на тоа возило, која техничка исправност ќе има две насоки.

Првата насока е да се заштити околината. Бидејќи ако некој пристане сам да влезе во неисправно возило , може да изврши самоубиство и на никого да не одговара. Меѓутоа, може да му направи беља на друг. Затоа, мора да има одговорност и средината да го прифати тоа. Јас сум за неограничено време на староста на возилото, меѓутоа, техничката исправност ќе се цени при регистрација. Колегата Бошков го спомна техничкиот факултет и го повика за монополизам. Тој, да, таков е само во однос на возила кои се внесуваат во делови и треба да добие техничка исправност, одкако ќе се склопи овде од делови, а не ако се внесе како цело. Вие што сакате правете, меѓутоа, возилата што се внесуваат се ценат според тоа кога ќе се плати данок на промет, а техничка исправност за регистрација се цени во моментот на регистрирање. Склоповите на возилата бараат техничка примена од техничкиот факултет. И, сега, ние ако се плашиме од монополизам , тогаш зошто не се даде овластување тоа да може да го чини некој квалитетно надвор од Техничкиот факултет. Сега, веднаш некој од опозицијата ќе се јави па ние треба да направиме да ги пуштиме тие луѓе и да имаме проблем со Техничкиот факултет. Нема да имаме проблем со Техничкиот факултет, ќе имаме подобрување на начин на остварување на права на граѓани, а не на начин на стекнување, на богатство од страна на една институција.

Г-да, ако се повеќе институции кои даваат ваква согласност за техничка исправност односно вршат последна техничка исправност, да знаете дека ќе се штити работата и тогаш нема корупција, нема мито. Тој ќе оди да го освои секој граганин да му даде можност да го услужи а не граѓанинот да му плати , затоа што некој ќе го услужи надвор од овластувањата. Сега, имаме една организација која сакаме да ја задржиме, а ни пречи што таа организација се богати. Па, ние сме и дале можност од овде. Ќе престанеме со можноста , е, овој ќе остане без раобта, тоа не е дотерано, нема систем , не е уредно, ќе имаме нпријатности од тие луге. Пазарат не познава и не признава , ќе остане без работа. На пазарот секој ќе си најде место.Затоа, предлагам , јас ќе поддржам предлогот за неограничување, меѓутоа, да се размисли малку околу последиците од оваа работа при регистрација на возилата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, а и претставници на Владата во овој Парламент.

Поддржувајки го овој Предлог закон за надворешно трговско работење, сакам да се искажам за следното. Овој состав на Парламент и оваа Владина коалиција ги даде и ги усвои Предлог измените на законот за надворешно трговско работење и тоа според ветувањата да се зголеми старосната година на моторните возила и тоа прво на шест години, а сега е предлогот на 10 години.

Граѓаните во РМ, поготово, нашите граѓан: времено вработени во Западна Европа се заинтересирани, ќе му кажеме и на министерот , тој немора да биде овде, зборот ми беше , нашите граѓани на времена работа; во странство во Западна Европа се заинтере-сирани за начинот и условите за внесување на моторни возила , патнич-ки и товарни за своите потреби , бидејќи целта им е да се вратат во Македонија и овој економски колапс еднаш за секогаш да доживее крај и да почне економскиот просперитет заедно со демографскиот просպери-тет и да се види дека и ние сме дел од Европа. Но, што се проблемите? Не би сакал овде да се повторувам со моите ценети колеги. Проблемите се луѓето, не само што имаат проблеми за внесување на своите возила набавени во Европа, туку тие имаат проблеми и за личното физичко нивно внесување на себеси и на своите семејства во границите на оваа држава. Сведоци сме денеска, а посебно ние пратениците од Западна Македонија, Гостивар, Тетово, Кичево, Дебар, Струга, жалби и поплаки од нашите граѓани кои се враќаат од Австрија, Италија, Германија, од Швајцарија, Франција и др. европски земји што чекаат на граница, и ова да го слушне заменикот на министерот за финансии како и министерот за финансии, чекаат заради некои давачки од 20 до 22 марки на граница и неможат да влезат со своите регуларно регистрирани возила во овие Западно-европ-ски земји со своите семејства и чекаат над 24 часа. И, тоа за чудо, не само при влегување во државата, туку и при излегување , па губат свои работни денови на работа во европските земји, само со тоа што некој си од дотичното министерство за финансии од Министерството за внатрешни работи и од нивните министри кои имаат поважни работи, да учествуваат на разни церемонии и др. туку да се организираат тоа да се реализира и за нашите граѓани, нивното внесување во државата да биде без проблеми, туку тие да бидат наши граѓани дочекани со сите тие убави работи, а тие се затвораат, се киднаприаат на самата државна граница со разни изреки. Така, ние неможеме на овие граѓани да им го олесниме животот, проблемите со кои се соочуваат нашите граѓани е тоа, ако ние како пратеници, не се однесува до вас , туку до дотичните министри и министерства , тие не се организирани нашите граѓани да ги пречекаме пред празникот на муслиманите Бајрам, пред Нова година, пред Божичните празници да ги дочекаме луѓето како што ни доликува и тие празниците да ги споделат со своите најблиски во родните огништа.

Во однос на Законот за надворешно трговско работење наша обврска е и затоа уште во стартот го поддржувам овој Предлог закон да се измени и 10 години сметам дека се доволни, нашите граѓани кои сакаат да внесат таков автомобил или товарно возило , со тоа тие граѓани полесно ќе придонесат за нивните семејства да бидат во една комплетна состојба, да бидат рамноправни граѓани во РМ.

На крајот нема да поминат разни предлози од дотичното Министерство за финансии ако и понатаму нашите граѓани, пак ќе го потенцирам, кои се времено вработени во европските земји, се малтре-тираат во и пред државната граница, во земјата, јас како пратнеик нема да поддржам ниеден од ваквите предлог закони .

Затоа, апелирам до дотичните министри , поготово, до министерот за финансии и министерот за внатрешни работи да се преорганизираат, да ги оставаат разните церемонии, туку да се ангажираат за тоа што сме ги избрале во овој Парламент и на нашите граѓани да им го олесниме нивниот живот во РМ и тоа за што побрзо враќање нивно нормално со нови возила . А, на тие што не им дозволува стандардот и со половни возила , па таа старосна граница, за која сметам дека денеска ќе помине, ги овозможува нивните желби веќе да бидат реалност и сите да бидат рамноправни во државата за што и сме повикани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г. претседателе, колеги пратеници,

Сметам дека овој закон кој е последен во делот на пакет закони кои го регулираат узвозот на патнички моторни возила, однесувајќи се на намалувашето на царините, акцизата и ДДВ, треба да се поддржи со предложениот рок или во согласност со предложениот амандман. Тоа го велам, бидејќи сметам дека врз основа на целокупните измени и дополни на законите во овие три години во РМ давачките при увоз на патнички моторни возила и на товарни возила, се останати на нивото на 1998 год. Тоа значи дека и тогаш беа 40 или 41% и сега со се она што е кампања да се намалува, се на тоа ниво. Тоа значи дека ништо не е направено.

А, ако одеше во друга насока да се намалуваат давачките, сметам дека рокот од 10 години беше реален рок врз основа на

сите согледувања во РМ , бидејќи не се намалија давачките и јас ќе го поддржам овој закон со решението кое е понудено. Но, би сакал претставникот на Владата , не гледам од Министерството да видиме да ни даде одредени објаснувања барем мене и да им објасниме на граѓаните што нуди овој закон. Дали е тоа точно?

Сметам дека граѓаните како физички лица кои се државјани на РМ да можат да увезуваат патнички моторни возила со старост до 10 години , со овие решенија, до колку имаат вградено катализатор. Тоа мислам и одредени министри најавуваат дека и со подзаконски акти тоа ќе се регулира. Бидејќи, лицата или стручњаците, експертите кои се разбираат во таа работа велат возилата на пет или на шест години старост немаат вградено катализатори, што значи дали овој закон ќе е безпредметен. Тоа е едното прашање и тука би требало да се интер-венира, а и јас би сакал да интервенирам со амандман, бидејќи обично од опозицијата не се прифаќаат амандманите, тоа не го направив, но сепак да слушниме граѓаните треба да знаат дека можат да увезуваат возила со старост до 10 години до колку се усвои овој закон, но ако имаат вградено катализатор. Така е во решението од претходниот Зкаон. Тоа е едното прашаша.

Второто прашање што мене не ми е јасно и создава одредени дилеми кај граѓаните, додека граѓаните лично можат да увезуваат вози-ла до 10 години старост , претпријатијата односно трговските друштва, според мене тоа требало да се измени, за нив тие можат да увезуваат патнички моторни возила со старост до шест години. Што значи тоа?

Тоа значи дека во РМ одредено претпријатие не ќе може да увезе патнички моторни возила со старост до 10 години, да отвори плац и граѓанинот на РМ да може да си купи како секаде во светот. Што ќе значи тоа? Тоа ќе значи една нерамноправност и незнам што сака да се постигне со тоа, а ќе се изигруваат законите односно однапред создаваме услови за изигрување на овој Закон. Претпријатијата или трговските друштва ќе увезуваат на име ка физички лица и тие физички лица до колку не сакаат , тоа ќе треба со овој закон , ако сакаат на шест години постаро возило да одат лично во Германија или во Холандија , па да прават трошоци и од таму да го донесуваат, не ми е јасна логиката зошто претпријатијата неможат да увезуваат до 10 години, а можат до шест години. Ако е целта граѓаните да набават возила до 10 години старост со поефтини цени. Друго е некој да набавува возила 100, 50, па да оди на плац, а друго е сам да оди да бара по европските пазари. Сметам дека тоа е нелогично и неможам да го разберам зошто е тоа така а во праксата се изигрува законот. Во пракса, правните лица ќе увезуваат на име на физички, па ќе се царинат во тој дел, ќе изигруваат и сметам дека понатаму , доста веќе, со колегата Томислав не би сакал да полемизирам за хомологацијата.

Тој зборуваше нешто што не се однесува на тоа. Пак би сакал да повторам. Хомологацијата е во ред во РМ . Надоместоците за хомологација се најголеми секаде. Машинскиот факултет зема 150 - 200 марки. Тоа е во ред за една институција. Хомологацијата ја вршат застапниците и увозниците за секое патничко возило, исто и повратниците. Имавме таков проблем и добивме писмо, треба инпортерот кој е овластен да даде 1000 марки за ништо. 1000 марки за потврда. И за старо и за ново, до колку тој не е увозник. Тој трошок е проблем.

Трошокот од 40% и нешто давачки и плус друг проблем што сметам дека е , тоа е каталогот за основицата за царинење. Во тој каталог единствено мерило е годината на старост, што не се совпаѓа со одредено патничко возило. Може да е старо 8-9 години а да има 300-400 иљади километри или обратно.

Сите овие мерки што, до колку не ги регулираме со оваа мерка од 10 години што се предлага, сметам дека нема да доведе до поевтинување на патничките возила. Особено половните, што е целта. Сметам, до колку можеме да добиеме одговор за овие прашања, особено за катализаторот и за правните лица би било добро граганите однапред да знаат дека можат да увезуваат.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам

Г. претседателе.

Би сакал да направам едно потсетување на тоа како ние дојдовме сега до законот што е предложен од Министерството за економија за зголемување на староснатa граница, односно лимитот на години за внесување на стари возила. Предлогот од Министерството

за економија е 10 години. Би напомнал како дојдовме до тоа.

Се сеќавам дека 1999 година, мислам 2000-та година, мислам дека беше 1999 година, во истово Собрание, истиов состав на пратеници," помалку или повеќе, пратеникот што седи до мене не беше тогаш пратеник, но во најголем дел од пратениците беа исти. Имаше предлог од Владата на РМ за зголемување на старосната граница што беше три години, па се зголеми на шест години.

Е сега, дали тогаш дискутираше пратеникот Мирко Иванов или не, но генерално, ставот на Пратеничката група на СДС "беше дека тој е лош , тој е маркетиншки потег и дека Македонија со тоа се претвора во депонија на стари возила. Што ќе каже дека сите стари возила од Европа ќе се слеат во Македонија.

Како така помина тој Закон. Сега, актуелниот лимит на старосната граница за увоз на стари возила е шест години. Во меѓувреме голем број на возила што ги купија македонски граѓани, ги купија од странски земји, најчесто од Бугарија , тие се движат во таа старосна граница од шест до 10 години. Има и што се по три -четири години, но, во најголем дел се во таа старосна граница до 10 години.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Конечно, така го доживувам овој закон, како добра волја сега, на Владата на Република Македонија, да тие луѓе не треба да си ги враќаат сега возилата таму, па да изгубат по 1000-2000-3000 марки, во зависност од големината на возилото, го зголемува тој цензус на 10 години. Не знам дали е привремено, не зман дали е решението од Министерството за економија привремено. Ако е привремено е одлично. Мислам дека е предложено како за стално. Ако е така, јас тоа така го доживувам, како добар знак, добра волја луѓето да ги регистрираат тие возила и понатаму, затоа што тоа што го зборуваат и други пратеници, јас се распрашав, до 1994 година мислам дека една-две до три фирми, мислам дека е "Мерцедес", "БВМ", "Ролс Роис" елитните или кои таму, имаат екокатализатор. Од 1994 година наваму сите останати фирми, европски, јапонски и не знам какви имаат. Но, од пред 1994 година немаме. Сега ние тука зборуваме дека сме биле за екологија, за чиста Македонија, за ваква Македонија, за таква Македонија. Ниту во предлогот од 10 години што јас ќе го поддржам, а уште помалку во тој предлог од 15 години ова ќе биде застапено.

Значи, за мене е прифатливо ова 10 години. Но, го разбирам како такво, во овие неколку месеци сега луѓето кои имаат автомобили со странски таблички да ги регистрираат и подоцна, во ист мандат да донесеме закон што, ако ништо друго ќе ја врзиме годината 1994 како крајна граница, затоа што пред тоа нема еко-катализатори. Да не се повикуам на законите во Европската Унија, за камиони сум 100% сигурен, за обични возила мислам дека не смејат да се движат во рамките на Ев-ропската Унија ако го немаат тој екокатализатор.

Конечно, би сакал да спорам со уште едно тврдење што 100 пати е кажано од пратениците од десната страна на Собранието. Намалувањето на возилата е околу 40% и точно е дека претходно возилата што беа до 2000 см$^3$ ги имаат тие давачки. Но, да не ги заборавиме возилата над 2000 кубици што имаат намалување од 7 0% од претходното, што го имаа во 1998 година. Значи не е израмнето. Ќе потсетам, ако сум сакал да купам возило од 220 кубици ќе сум требал 70% повеќе да платам отколку што сега треба да платам. Тоа не е израмнување, нели. Има голема група луѓе што сега, ако поразговарате со импортерите на автомобили ќе ви кажат дека ги купуваат токму тие возила што се над 2000 кубици и што се пронашле сега со цената во нив.

Да повторам, ќе го поддржам сега само предлогот на Министерството за економија што е до 10 години и апелирам истото тоа Министерство во догледно време да размислува да го измени овој закон и да ги вметне тие еко стандарди што веќе се прифатени од Европа, да ги прифатиме и ние како Собрание, како држава, да не се издвојуваме од нивното законодавство.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата,

Јас, во врска со овој предлог на закон сакам да изнесам едно мое кратко размислување затоа што овој предлог-закон, односно неговото донесување во врска со годините, старосната граница на возилата што се увезуваат предизвика таков невиден интерес во нашава држава што со право ние, како пратеници не требаше да останеме глуви на сето тоа. Добро е, за поздравување е што Владата предлага еден ваков Предлог на закон.

Во моето размислување ќе кажам некои работи во обратна насока, Овој процес не е од вчера. Овој процес на купуваше на возило на нашите граѓани надвор од нашата земја трае,  без малку веќе десетина години. Моето прашање би било во таа касока што, како можат нашите соседни земји од каде што се набавени поголем број на возила немаат автомобилска индустрија и тие се без малку како нас и како тие наоѓаат интерес нивните граѓани, не само нивните граѓани да возат нови возила, да возат возила што се навистина далеку, далеку побезбедни а ние дозволивме нашите граѓани да одат во тие земји. Да спомнам поголем дел се од Бугарија и од Албанија Вака сега, моето размиелување е, покрај тоа што треба да се поздрави овој предлог на закон, една дилема и еден апел до Министерството за финансии би укажал и до сите нас како Парламент, како пратеници да размислуваме и да направиме од нашава држава еден обратен процес. Граѓаните од Бугарија и од Албанија да купуваат нови возила од Македонија. Дури тогаш, почитувани господо пратеници, според мене, дури тогаш нашава држава ќе почнеме со забрзани чекори да чекориме кон Европа. Вака, верувајте, според мене ми изгледа беспредметно, дури сега малку на едно подруго ниво, сега се расправаме дали да бидат возилата пет години, две години и тн. На некој начин правиме неправда кон сите наши граѓани што се снабдиле со возила и сега да ги уценуваме дали била година повеќе или помалку? Зошто тие грагани да не возат понови возила? Како тие нашле интерес да земаат возила во соседни земји, што еве ние, барем за нас, цениме дека сме за многу работи понапред од тие земји. Меѓутоа, сега испаѓа дека во тие наши соседни земји треба сеуште да  учиме лекции.

Во тоа е мојот апел на крајот на моево излагање, да направиме, почитуван заменик министре да му пренесете и на господинот министер и на целата наша Влада и во Парламентот да направиме не само возила и други технички стоки кои се, да доаѓаат граѓани од соседните земји,од Бугарија, еден обратен процес, од Албанија, па и од Грција, од Србија да купуваат возила од Македонија и не само возила. Дури тогаш Македонија ќе биде она што го заслужува.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас би сакал нешто да појаснам, исто околу овие работи, затоа што излагањето на двајцата мои пратеници и сегашниот мој колега кој дискутираше, би сакал една работа да разјасниме.

Денеска се кажа дека законот што треба да го изгласаме од шест години дека фирма нема право да внесе постаро возило. Со тоа ќе направиме една голема заблуда. Ќе се согласите сите со тоа, затоа што ако го донесеме тој закон, значи сакаме, од една страна мојот колега сега дискутираше, од Бугарија, која дава до толку и толку години да се внесат автомобили, фирми да проработат, да може да се работи, да може економијава наша да заживее со таквите мерки. Средствата да бидат тука, една фирма, две, 50, 100 фирми да купуваат возила, да продаваат на плацеви. Тоа го има во Бугарија, Грција, Турција, Албанија. Значи и нашите од Македонија...

(Реакции од место).

Ќе ве молам господине претседателе, ако сака господинот може после да ми реплицира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Без разлика, ако сака господинот може да даде реплика, јас добро ја познавам работата и кажувам за граѓаните и за нас пратениците и на министрите и на Владата да знаат каква е ситуацијата. Значи, другите држави, еве, ние во Македонија дозволуваме до 10 години старост. Да им дозволиме и на фирмите. Зошто?

Интерес на Република Македонија е и на граѓаните и на фирмите да можагг  до 10 години, да може фирма да увезува возила стари до 10 години, без разлика кои фирми, да продаваат на плацеви, затоа што знаете дека сега цела Европа освен Југославија, Бугарија, Албанија и уште некои тука, секаде сме во обруч систем, виза систем. А ние, ниту една амбасада никому нема да даде виза да излезе да купи кола. Тоа е апсурд. Не може да оди да купи кола. Со тоа ве освестувам сите тука да знаете каков закон треба да донесеме.

Значи треба да им овозможиме на сите фирми да можат тука да донесат возила да се продаваат, како што се продаваат на други плацеви во други

држави, да можат граѓаните да купат. Ако оди од тука до Германија и се врати чини 2000 марки трошок и транспорт. А возило ако дојде со специјален камион, доаѓаат осум возила во еден камион, а од Дизелдорф или Минхен ако стаса еден шлепер до тука, чини 3,5 илјади или 3000 марки.

Значи, сакам да ви кажам дека, без разлика лесно се пресметува во евра, со ова сакам да укажам дека многу поефтино и поефикасно за граѓаните би било, виза не може да се добие, треба да чекаат визен систем со години, каде 90% од граѓаните нема да добијат виза. Би требало на фирмите да им се овозможи во Република Македонија да можат да внесуваат возила до 10 години, да можат граѓаните на Република Македонија тука да ги купуваат возилата, нормално со 5-10-15 или колку ќе биде, тоа е пазарен систем на цени. Но, она што треба катализатор и друго, јас знам дека од 1991 гидина има многу коли што се со катализатор и можат такви коли да се внесат.

Со ова би сакал само со една мала измена на граѓаните да им овозможиме, да биде исто за сите и подобро, без разлика дали е лева или десна страна ние сите пратениците да го изгласаме ова за подобро на нашите граѓани. Да не ги истураат средствата во туѓи држави, да купуваат возила, да не формираат фирми во други држави како во Бугарија, Албанија и на други места само поради возила. Нормално, немојте да мислите дека тие фирми ги формираат во воздух. Во друга држава, на пример во Бугарија да формираш фирма чини од 1,5 до 3000 марки. За секое возило што треба да го регистрираш и да го изнесеш во Македонија околу 1000 марки има давачки, осигурања и други работи. Тие средства можат да останат во Република Македонија.

Мислам дека сите ме сфативте. До колку треба некој, нека дојде ќе му објаснам, таа работа ја познавам многу.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседател, дами и господо пратеници,

Пред новогодишните празници јас ја отворив оваа болна точка, така да кажам и има една позитивна реакција од многу граѓани ширум Република Македонија. Дури се формира и здружение по однос на оваа проблематика кога станува збор за увоз на возила од соседните држави.

Овој предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за надворешно трговско работење сигурно дека добива во тежини, затоа што Владата предлага да се легализира таканаречените диво внесени автомобили што се до 10 години. Реакцијата на добар дел на пратеници, стопанственици да физичките и правните лица се изедначат. Не треба да правиме поделба псмеѓу физичките лица и правните лица.

Сигурно дека за ова треба да се поднесе амандман. Јас би го поднел амандманот што сигурно ќе го прифатат пратениците, се надевам. Не се работи тука за маркетинг. Тука се работи за една општа потреба кај граѓаните. Знаеме во какво време живееме. Некои пратеници кажуваат зошто не купат нови аута. Не можат, затоа што моќта на граѓаните е таква. А ние, во Македонија нема што да штитиме. Нема ниту една куќа што произведува, немаме автомобилска индустрија. Сигурно дека треба да го следиме примерот на соседните земји што го поминуваат истиот пат на транзиција на Балканот како и ние. Не треба да измислуваме топла вода, туку мојот предлог беше вака, да си помогнеме на самите себе и да помогнеме на сите граѓани во Република Македонија. Да не ни се случува, еве пример, во Свети Николе претседателот на СДС се пишал Бугарни и ако кажува дека СДС е против Бугарија, и не знам што, да не се пишуваат граѓаните Бугари непотребно од Македонија, туку да им овозможиме да ги легализираме тие диви аута, на сите да им овозможиме да бидат еднакви пред законот. Да не се води кампања. да не ги доведуваме граѓаните во ваква и таква позиција. Да ја наполниме касата со 60-70 милиони марки. Да не одиме на некои донаторски конференции по шест-седум-10 милиони марки, или пет милиони еври, да потрошиме повеќе хартија, ло-кумење, тегавење, бацување рака. Да ја наполниме касата со шеесетина милиони марки. Да им овозможиме на сите граѓани да ги легализираат сите автомотили, како физичките така и правните лица, да донесеме закон.

Ако ова не се усвои, еве јас сум тој кој подготвувам закон за автомобилите да се легализираат, како што направија во соседна Србија. Од кубен метар 0,50 еври, да овозможиме сите граѓани, да овозможиме рок од три месеци како држава сите тие да ги ставиме во равноправни оние што имаат намера да не бидат едните привилегирани а

другите да не бидат привилегирани, да дадеме рокови три месеци за сите граѓани на Република Македонија да овозможиме да си внесат, за три месеци, тие кои се во можност и имаат економска моќ да внесат. За овие другите да ги легализираме и ида го затвориме овој случај.

Вака, одиме во недоглед па три, па шест, па десет, па правни, па физички. Мислам дека Владата треба да има разбирање, иако донела Владата еден ваков закон, Парламентот е тој и мислам дека ќе има разбирање кај пратениците да овозможиме на нашите граѓани. Нема кого ние да штитиме, немаме авто-индустрија во Македонија. Треба да им овозможиме на граѓаните барем мирно да спијат. Ако државата направила грешка да внесат коли, да ја поправиме грешката и сега да не ги тераме граѓаните на Република Македонија да одат на бугарска,на албанска, на српска граница, на границата на Република Македонија да се малтретираат, да ги носат автомобилите таму, затоа што ова е за поздравување што е дадено, еден месец автомскбилите да се средат. Ако не, во овој период додека не се донесе законот, барем шест месеци луѓето да имаат мир.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Бидејќи никој Не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно трговско работење.

Ги молам пратениците нека влезат во салата.

Важен е овој закон, од интерес е за граѓаните, молам Нека влезат пратениците.

(Пратениците влегуваат во салата)

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, за гласале 70, 1 гласал воздржано, никој Не гласал против.

Констатирам Дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа Седница да Се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 69, 1 гласал воздржано, никој Не гласал против.

Констатирам Дека е усвоен предлогот на оваа Седница да Се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претреС по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој Не бара збор, го заклучувам општиот прдтрес.

Отворам претреС по Текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Мирко Иванов поднесе амандман на член 3 по кој Владата Не Се произнела.

Ве молам, има најавено уште амандмани, да почекаме малку.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Мирко Иванов.

Го молам претставникот на Владата да Се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Овој амандман го поднесувам од причини што возилата кои се увезени моментално во Македонија некаде само 10-15% го исполнуваат условот стари до 10 години. Другите возила ќе мора пак Владата, Парламентот, државата да бара дополнителен лек да можат да се легализираат, а со 15 години мислам дека 100% возилата ќе можат да се легализираат, да си ги платат давачките, да ги регистрираат.

Тоа е мојот предлог, со овој амандман. Инаку, голем број од возилата ќе останат нелегализирани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам, пратениците нека седат на своите места и нека ја напуштаат салата, затоа што сега треба да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеници, за гласале 28, 8 гласале воздржано, 35 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Сега, ќе направиме една кратка пауза од 10-тина минути, додека да стигнат најавените амандмани.

(Пауза од 18,50 часот)

(По паузата)

Со оглед дека сеуште не се подготвени амандманите и не се стигнати така како што се најавени, да им дадеме можност на оние што ги изработуваат темелно да ги изработат, сега ќе прекинеме ние и јас ќе закажам седницата во текот на идната недела да се донесе овој закон.

(Седницата прекина со работа во 19,25 часот)